# Тематски форум

# „Отворена општина – активна заедница“

**24.9.2025, Граѓански ресурсен центар (Скопје)**

Сузбивањето на корупцијата е клучно за довербата во локалната власт, демократијата и доброто управување на локално ниво. Граѓаните ја гледаат како еден од најгорливите проблеми, а дигиталните технологии можат значајно да придонесат кон нејзино намалување преку зголемена транспарентност, отвореност и активна соработка со заедницата.

## Агенда

| Време | Сесија |
|---|---|
| **10:00 - 10:30** | **Регистрација на учесници** |
| **10:30 - 10:50** | **Поздравни обраќања**<br>• Александар Кражловски, Национален тим лидер на Програмата Цивика мобилитас<br>• Данче Даниловска-Бајдевска, Програмска директорка во Фондација „Метаморфозис“ |
| **10:50 - 12:00** | **„Локалната власт под лупа на граѓаните“**<br><br>Транспарентноста и отвореноста се основа за ефективна и отчетна локална власт во служба на граѓаните. На сесијата ќе бидат презентирани резултатите од **Индексот на отвореност на локалната самоуправа за 2025 година**, како и ефектите од менторската поддршка на девет општини за поголема отвореност. Ќе се дискутираат и добрите практики и предизвици во градење на отворени локални самоуправи, со цел зајакнување на довербата и намалување на корупцијата.<br><br>**Говорници:**<br>• Сашко Митовски, Градоначалник на Општина Крива Паланка<br>• Звонко Пекевски, Градоначалник на Општина Берово<br>• Никола Најдовски, Градоначалник на Општина Демир Хисар<br>• Мила Јосифовска Даниловска, Програмска менаџерка во Фондација Метаморфозис<br>• Лилјана Јоноски, Извршна директорка на Рурална Коалиција |
| **12:00 - 12:30** | **Кафе пауза** |

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

| | |
|---|---|
| **12:30 - 13:00** | **„Моја општина, мој глас: мЗаедница како платформа за граѓанско учество“**<br>Примената на дигитални технологии има значаен потенцијал за унапредување на транспарентноста и намалување на корупцијата. Во таа насока, дигиталната алакта мЗаедница им помага на општините да ги дигитализираат услугите и да воспостават директна комуникација со граѓаните. На сесијата ќе бидат прикажани новите функционалности за онлајн консултации, и ќе се дискутира за користење на иновативни технологии за поголемо граѓанско учество.<br><br>**Говорници:**<br>- Александар Јовановски, Проектен координатор во Центар за социјални иновации Блинк 42-21<br>- Игор Дамјаноски, Раководител на одделение за управување со човечки ресурси во Општина Демир Хисар |
| **13:00** | **Освежување и вмрежување** |

Модератор: Александар Јовановски, Проектен координатор во Центар за социјални иновации Блинк 42-21

Забелешка за приватност: Фотографиите направени за време на настанот ќе бидат промовирани на веб-страниците и социјалните медиуми на проектните партнери, и ќе бидат доставени до донаторот заради цели на проектно известување.

*Тематскиот форум е овозможен со поддршка на Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас во рамките на проектот „Дигитална трансформација на локално ниво – Вклучена заедница за отпорност на корупција (ДИГИЛОК)“ спроведуван од Фондација за интернет и општество „Метаморфозис“ во партнерство со Рурална Коалиција и Центар за социјални иновации Блинк 42-21.*

Оградување: Цивика мобилитас е проект на Владата на Швајцарија, кој го спроведуваат МЦМС, НИРАС и ФЦГ. Мислењата кои се изразени овде не нужно ги одразуваат ставовите на Швајцарската Влада, Цивика Мобилитас или организациите што ја спроведуваат.

Citizens for change!

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**